## Проф. д-р АНДРИЈА ЛАИНОВИЌ (1903—1986)

На 24 мај 1986 год. во Скопје престана да чука благородното срце на д-р Андрија Лаиновиќ, професор на Филозофскиот факултет од 1959 год. До неговото пензионирање во 1975 год. овој достоен син на Црна Гора со извонредно образование, научна љубопитност и надареност, неверојатна работна енергија и педагошка култура, вистински париски воспитаник, образуваше и воспитуваше низа генерации историчари во Македонија, а од 1963 год. и на Косово, предавајќи го предметот Историја на народите и народностите на Југославија — нов век. Во Македонија ја измина последната етапа од неговата пребогата научноистражувачка и педагошка работа која се протега скоро цели шест децении.

Повеќе од 320 библиографски единици и илјадници ученици од средните училишта, вишите школи и студенти на Филозофските факултети во Скопје и Приштина ќе сведочат за научникот, педагогот извонредниот собеседник, колегата секогаш подготвен за несебична помош.

Рожба на нашиов, револуционерен век (роден е на 8 ноември 1903 во Грахово), неговото срце пулсираше за прогресивните стремежи на веков и се построи на вистинската страна. Во 1923/24 се запишува на Филозофскиот факултет во Белград — група историја, компаративна литература и француски јазик, идната 1924/25 ја поминува во Париз на Сорбона каде што следел предавања од историја, литература и француски јазик и истовремено ги добивал своите први сознанија од марксистичката филозофија, станувајќи член на студентскиот антифашистички сојуз (Alliance defensive des étudiants antifacicte). Идната 1926/27 год. станува член на марксистичкиот клуб „Прогрес" на Универзитетот во Белград.

Од 1927 работи како професор на Вишата реална гимназија во Подгорица (Титоград), но поради учеството во познатите политички демонстрации од 18 февруари 1935 год. бил преместен во Ливно, а во октомври истата година во Никшиќ, каде службува до 1940 год. Во почетокот на војната бил директор на нижата гимназија во Бијело Поље, потоа во Беране (Иванград), а од јули 1943 до октомври 1944 е без работа и заминува во Банат, каде ќе престојува до 1948 год. Најпрвин работи како просветен референт во Командата на местото во село Лазарево, потоа како професор во нижата гимназија „Јаша

Томиќ", директор во Српска Црња и Волошиново (Нови Бечеј). Од мај 1948 до 1959 повторно работи во Црна Гора, во Цетиње како професор во средната партиска школа, вишата педагошка школа, бил инспекто во Министерството за просвета. Во 1956/57 директор на новоформираниот Завод за унапредување на школството во Титоград и во 1957/58 директор на Институтот за историја на НР Црна Гора.

Паралелно со овие сериозни ангажирања кои бараат цел човек, проф. д-р Андрија Лаиновиќ, не престанува да пишува и да се усовршува. Во јули—август 1951 го следи меѓународниот семинар на историчарите организиран од УНЕСКО во градот Севр (Франција). Во 1954/55 истражува во париските архиви за неговата дисертација „Францускoто политичко влијание во Црна Гора од 1853—1860 година" (L'influence de la politique francaise en Montenegro de 1853 â 1860) којашто ќе ја одбрани на Сорбона, идната година.

За својата работа и научните и педагошки достигнувања добил повеќе признанија: Орден на трудот 3 ред, плакети по повод триесетгодишнината од формирањето на Филозофскиот факултет и Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, како и бројни пофалници и благодарници.

Историската наука на Македонија и Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, оддавајќи му признание за долгогодишната плодна работа и големиот придонес, му го посвети вториот број на деветнаесеттото годиште (1983) на списанието „Историја", по повод неговата осумдесетгодишнина од животот.

Случајот сакаше својот пребогат животен век да го започне во годината на Илинденската епопеја и да го заврши во слободна Македонија, и со полно право можеме да кажеме: „Имао је ашта се и родити".

Христо Меловски